Semmelrock
stein+design®

MAGNA плочки

Приказ на симболи
(Растерска мерка во cm)

120 x 80 x10 cm

120 x 40 x10 cm

80 x 60 x 10 cm

Дебелина на плочки: 10 cm

Бои, изглед и обработка на површината	**Боја:** гранитно сива **Површина:** прскана **Rubovi:** со закосување **Поставување:** машинско **Раб:** 
Карактеристики на производот	Магна, плочки со голем модерен формати, изглед на горната површина слична на гранитните сечени плочки во две бои - светла површина со црни зрнца. Површина изведена со посебна техника на прскање каде што секој елемент е уникатен. Плочките со голем формат прават површините да изгледаат уште поголеми и поелегантни, а заради малиот удел на фуга се создава впечаток на мирна и атрактивна површина.
Области на примена	Применливи за приватна и јавна употреба, за возење и пешачки зони, плоштади, тротоари, површини пред згради, паркинзи.
Карактеристики	• Подобрена издржливост и отпорност на абење. • Лесно одржување благодарение на третманот Semmelrock Protectom • Отпорност на сол и мрзнење • Големи можност за комбинирање благодарение на елементите кое се взаемно усогласени • Можни комбинации со Umbriano бехатонот и плочките на различни површини
Сигурност	Плочките се противлизгачки HR EN 1339.
Градежно-физички карактеристики	Производот освен што е противлизгачки има и задоволителна отпорност на мрзнење, абење, цврстина и соодветни димензии во согласност со стандардот МКС EN 1339. **Контрола на квалитет:** SEMMELROCK производите ја носат ознаката за квалитет CE базирано на редовно испитување според нормата МКС EN 1339 Дозволени се одредени отстапувања во димензиите согласно нормата МКС EN 1339

Дебелина 100 mm	Ширина ± 2 mm	Должина ± 2 mm	Дебелина ± 3mm

Стандарди и норми	Изјавите за својствата се во согласност со Регулативата бр. 305/2011 на Европскиот парламент и на Советот. Производот е во согласност со МКС EN 1339.

Технички податоци (cm)	Номинална мерка во cm	Дебелина cm	Рабови	Мин. ширина на фугите	Тежина кг/парче	Тежина кг/m²	Потреба Парче/m²
120 x 80 x 10 cm	119,5 x 79,5	10	Со закосување	7	220,80	229,63	1,04
120 x 40 x 10 cm	119,5 x 39,5	10	Со закосување	7	109,00	226,72	2,08
80 x 60 x 10 cm	79,5 x 59,5	10	Со закосување	7	110,40	229,63	2,08

* За вградување без врзивен материјал.

Semmelrock
stein+design®

Поставување		Носивост на површината		
рачно	машинско	пешаци	автомобил	Товатно возило
	X	X		

ПЛОЧКИ

MAGNA

Нега и одржување	**Нега на површините**	**Суво и влажно чистење** При рачно чистење, се препорачува користење на меки, а не жичени четки..
	Поправка	Кога се поставуваат на подлога од кршен камен, во секое време може да се заменат посебни павер-елементи или поголеми површини.
	Одржување	Да се внимава фугите да бидат пополнети за да се избегне пукање на рабовите.
Боја и површина	Отстапувањата во бојата и површината на павер-елементите се јавуваат поради употребата на природни материјали (цемент, песок и сл.) и тие не можат да се избегнат во производството. Боените павер-елементи содржат железно-оксидни пигменти отпорни на временски услови и УВ - влијанија кои исто така може да имаат мали разлики во нијансите. Исто така, атмосферските влијанија можат малку да влијаат врз промената на бојата и структурата, што им дава на павер-елементите природен изглед и патина. Овој ефект на различни бои или структури ќе дојде до израз особено на површините кои се покриени (заштитени од дожд, сонце, мраз) или непокриени - директно изложени на атмосферските влијанија. За да се постигне природен изглед на површините, потребно е при поставувањето наизменично да се земаат павер-елементи од неколку отворени палети. Според горенаведеното, разликите во бојата или структурата на павер-елементите не го нарушуваат квалитетот, и затоа за разлики во бојата и структурата не се признаваат рекламации!	
Отпорност на мрзнење и сол	Semmelrock ја испитува отпорноста на сите наши производи на мрзнење и сол според стандардите МКС EN 1338, МКС EN 1339, МКС EN 1340. Сите средства погодни за бетонски производи (на база на NaCl) може да се користат за одмрзнување на површините. Други средства на база на сулфати може да ги оштетат површините на бетонските павер-елементи.	
Варовник	Понекогаш на површината на павер-елементите се прават бели дамки - ова е природна појава кај бетонот. Без разлика дали е во форма на дожд или кондензација, влагата продира во телото на павер-елементите и делумно го разградува варовникот. Со тоа се создава раствор од варовник во водата кој продира во површината и како што испарува водата, варовникот останува на површината и создава бели траги, кои се привремено отпорни на плакнење. Тие не можат да се избегнат во техничката постапка, а нивниот интензитет зависи од временските влијанија (мраз, дожд, снег, ветер...). Варовникот на површината се полесно и побрзо ги мие атмосферските услови додека целосно несе повлече со текот на времето. Исто така, можно е да се исчистат овие дамки со средства на база на киселина. Варовникот не го нарушува квалитетот на производите на Semmelrock и затоа нема основа за поднесување рекламации.	
Промени на бојата	Во некои случаи поради временските услови може да се промени бојата на павер-елементите, односно површината може да добие слаба жолтеникава или кафеава нијанса. Не можеме да влијаеме на овие промени и не примаме рекламации за промени во бојата.	
Пукнатини	Во некои случаи, на површината на производот може да се појават пукнатини кои не се видливи на сувиот производ, туку само на влажната површина. Пукнатините на површината не ја намалуваат употребливоста на производот	
Рекламации	Купувачите се должни оптички да го проверат квалитетот и количината на производите за време на преземањето на производите и пред поставувањето.Не можеме да прифатиме рекламации за вградени производи и преземање на дополнителни трошоци за дополнително вградување.	
Количини на нарачана стока	Се препорачува при нарачката и купувањето на нашите производи да купите повеќе парчиња отколку што е потребно, за да можете да ги замените павер-плочките или плочките доколку механички се оштетат или слично.	

УПАТСТВО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ



1) Долна подлога (земјена подлога) над која се поставува геотекстил, попречен наклон 2,5-14%
2) Долен носечки слој (заштита од мрзнење), чакал со гранулација 0-63 мм
3) Горен носечки слој, со попречен наклон 1-12,5%, чакал со гранулација 0-22 мм
4) Подлога за бехатон: 3-5 cm кршен камен 4/8 мм
5) Рабници
6) Плочките се фугираат со кварцен песок со гранулација -0,6-1,3 mm

ВНИМАНИЕ: Пред да ги поставите плочките, внимавајте на следново!

- За бехатонот кој има мешавина од повеќе бои, при поставувањето мора да се земе беахтон од неколку различни палети.
- За бехатон во боја, секако употребете вибрирачка плоча со Vulcollan.
- Вградете само визуелно испитан материјал.
- Користете кварцен песок за да ги пополните фугите (0,3 – 0,6 или 0,6 – 1,3 мм).
- Овој песок е поостар и подобро поврзува од обичните тркалезни песоци.
- Темелно исчистете ја површината пред набивање (набивајте на сува + чиста површина).

Ископ до длабочина на замрзнување прибл. 30 cm подалеку од завршената поплочена површина. Предвидете попречен наклон на долната подлога од 2 - 4% за одводнување. Кај глинеста почва, поставете и дренажа. Забелешка: длабочината на замрзнување во приморските области е 40-60 цм, во континенталните низински области 80-120 цм, во планинските области до 140 цм).

Нанесете го долниот носечки слој (груба подлога, чакал 0 - 63 мм) во слој до 25 цм и набијте го со валјак за да обезбедите носивост и дренажна функција. Нанесете го горниот носечки слој (фина подлога, чакал 0 - 22 мм) во дебелина до 20 цм и набијте го со валјак до одреден коефициент во зависност од намената на површината. Предвидете наклон од 1 - 2,5%. Прилагодете ја висината точно на +/- 2 цм.

Поставување на планираниот рабник. (Кај површините за возење се препорачува во секој случај!)

Нанесување на подлога за павер-елементи со кршен камен 4 - 8 мм, со дебелина 3 - 5 цм. Лабаво наполнете помеѓу поставените водилки/ и развлечете со алуминиумска летва (не набивајте!).

Поставувањето на плочките се изведува од работ односно од веќе делумно поплочени површини. На растојание од 2 – 3 м, испитајте ја линијата на фугата (алуминиумска летва, конец). Непрекинатите надолжни фуги потребно е да се насочат попречно или дијагонално во однос на насоката на возењето по површината! Кварцен песок во фугите, гранулација на песок 0,6 - 1,3 мм. Пред набивање, темелно исчистете ја површината од песокот за фугите! За оптимален долготраен век во фугите потребно е да се нанесе кварцен песок, а не речен или некој друг песок во фугите.

Ширината на фугата мора да биде мин. 3 - 5 мм (никогаш не ги поставувајте плочките без фуга бидејќи ќе дојде до пукање на рабовите).

Набивање на поплочената површина со плочки за набивање по должина и ширина. Потоа, уште еднаш целосно пополнете ги фугите и исчистете ја површината од песок (изметете и испрскајте со вода, за да ја отстраните ситната прашина).
Добро подготвената подлога со адекватен модус на компресибилност и добра дренажа е основен предуслов за правилно вградување на павер-елементите и нивната изложеност на оптоварувања.

Напомена: Подлогата мора да биде во согласност со идната намена на површината. Една од можностите е и вградување на дренажен бетон.



Вградување на дренажен бетон.

Вградување на Магна плочки со вакуум машина.